# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **29.01. 2025 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 1** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот на локална самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ( “ Службен Гласник на на Општина Свети Николе бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе донесе:

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените на ЈКП “Комуналец” Свети Николе за 2025 година бр. 0801/984, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата оддржана на ден 29.01.2025 година.

**Бр. 0901-996**
**29.01.2025 год.**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24)), како и член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24)Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01.2025 година донесе:

**Одлука**
**за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2025 година**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе за 2025 год донесена од Управниот Одбор на ЈКП ,,Комуналец,, Свети Николе бр.0202-453/9 од 30.12.2024 година

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0801-984**
**29.01. 2025 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 15 од Статутот на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе и член 19 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ“ бр.275/19, 89/22, 274/22), а во врска со

член 88 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22), член 37-ц од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и „Сл.весник на РСМ“ бр.275/19, 89/22, 274/22) и член 18 од Правилникот за основна плата и додатоци на плата на вработените во ЈКП „Комуналец“ Свети Николе, Управниот одбор на ЈКП „Комуналец“ Свети Николе на седницата одржана на ден 30.12.2024 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата**
**на врботените во во ЈКП „Комуналец“ Свети Николе за 2025 година**

**1.**

Се усвојува Предлог одлуката на директорот на претпријатието за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈКП „Комуналец“ Свети Николе со статус административни службеници, даватетели на јавни услуги и помошно-технички лица за 2025 година.

**2.**

Се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈКП „Комуналец“ Свети Николе со статус административни службеници за 2025 година во износ од 35 денари.

**3.**

Се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈКП „Комуналец“ Свети Николе со статус даватетели на јавни услуги за 2025 година во износ од 35 денари.

**4.**

Се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во ЈКП „Комуналец“ Свети Николе со статус помошно-технички лица за 2025 година во износ од 35 денари.

**5.**

Вредноста на бодот за пресметување на платата на вработените во претпријатието со статус административни службеници, даватетели на јавна услуга и помошно-технички лица се утврдува секоја година со одлука на Советот на Општина Свети Николе, на предлог на директорот на јавното претпријатие.

**6.**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр.0202-453/9** | **ЈКП„Комуналец“**
**30.12.2024** | **Претседател на УО**
**Зоран Арсевски с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот на локална самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ( “ Службен Гласник на на Општина Свети Николе бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе донесе:

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Програмата за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2025 година бр. 0801/985, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата оддржана на ден 29.01.2025 година.

**Бр. 0901-996/2** | **Општина Свети Николе**
**29.01.2025 год.** | **Градоначалник,**
**Свети Николе** | **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 129 од Деловникот за работа на Советот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе бр.2/06), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01.2025 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2025 година**

## I.ОПШТ ДЕЛ

Според надлежностите што се определени со Уставот на Република Македонија, Законот за локалната самоуправа, Статутот и Деловникот за работа на Советот на Општина Свети Николе, Советот донесува Програма за работа за 2025 година.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2025 година согласно надлежностите на Советот.

Програмата овозможува транспарентност во работата на Општината и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од Општината.

## II.ПОСЕБЕН ДЕЛ

### II.1.Прво тромесечие - период Јануари - Март 2025 година

1. Донесување на Програма за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2025 година.
Изработува: Стручна служба на Советот на Општина Свети Николе.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

**2.** Донесување на Програма за работа на ЈКП”Комуналец” Свети Николе за 2025 година.
Изработува: ЈКП Комуналец Свети Николе.
Донесува: Управен одбор на ЈКП Комуналец Свети Николе.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

3. Донесување на Програма за работа на ЈП”Погребални услуги” Свети Николе за 2025 година.
Изработува: ЈП Погребални услуги Свети Николе.
Донесува: Управен одбор на ЈП Погребални услуги Свети Николе.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

4. Извештај за реализирање на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2024 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

5. Извештај за реализирање на Програмата за изградба, реконстгрукција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе за 2024 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

6. Извештај за реализирање на Програмата за комунални дејности на Општина Свети Николе за 2024 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

7. Извештај за реализирање на Програмата за искористувањето на средствата за јавно осветлување на Општина Свети Николе за 2024 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

8.Извештај за реализирање на Програмата за изработка, измени и дополнување на Урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2024 година.
Изработува: Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

9. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата за 2024 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

10. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2024 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

11. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието за 2024 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

12. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт, млади и подршка на НВО Секторот за 2024 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

13. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2024 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

14.Извештај за работењето на ЈКП"Комуналец" Свети Николе со годишна пресметка за периодот од 01.01. до 31.12. 2024 година.
Изработува: ЈКП Комуналец Свети Николе.
Донесува: Управен одбор на ЈКП Комуналец Свети Николе.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

15.Извештај за работењето на ЈП"Погребални услуги" Свети Николе со годишна пресметка за 2024 година.
Изработува: ЈП Погребални услуги Свети Николе.
Донесува: Управен одбор на ЈП Погребални услуги Свети Николе.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

16 Извешај за јавната безбедност на подрачјето на општина Свети Никола за 2024 година
Изработува:ОВР-Свети Николе
Разгледува: Комисија за комунални работи и сообраќај
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

17.Извешај за безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општина Свети Никола за 2024 година
Изработува:ОВР-Свети Николе
Разгледува: Комисија за комунални работи и сообраќај
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

18. Извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Свети Николе за 2024 година
Изработува: Сектор за нормативно-правни работи,администрирање со даноци и комунални такси ,ЛЕР и јавни дејности Општина Свети Николе.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

19 Извештаи за работата на:

ОУ Дом на Културата Крсте Мисирков Свети Николе за 2024 година
ОУ Народен музеј Свети Николе за 2024 година
Изработуваат: Општинските јавни установи
Донесува: Училишните односно Управните одбори на установите.
Усвојува:Советот на Општината

20. Завршни сметки на:
- ОУ Кирил и Методиј Свети Николе за 2024 година.
- ОУ Гоце Делчев Свети Николе за 2024 година.
- ОУ Даме Груев с. Ерџелија за 2024 година
- СОУ Кочо Рацин Свети Николе за 2024 година
- ЈОУДГ Рахилка Гонева Свети Николе за 2024 година
- ОУ Дом на Културата Крсте Мисирков Свети Николе за 2024 година
- ОУ Народен музеј Свети Николе за 2024 година

Изработуваат: Општинските јавни установи
Донесува: Училишните односно Управните одбори на установите.
Усвојува:Советот на Општината

21. Завршна сметка на Буџетот на Општина Свети Николе за 2024 година.
Изработува: Одделение за финансии и буџет
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

22.Донесување одлуки со отпочнување постапка за изработка на Детални урбанистички планови,и проекти за разни делови од градот
Изработува: одделение за урбанизам, во текот на цела 2025 година
Донесува :Совет на Општината

23.Одлуки за отпочнување постапка за изработка на локална урбанистичка документација во разни делови во градот., планови и проекти
Изработува: одделение за урбанизам, во текот на цела 2025 година
Донесува: Совет на Општината

24. Одлуки за именување и разрешување на членови на органи на управување во органите на јавните претпријатија и установи од Општината во текот на цела 2025 година
Предлага: Јавно претпријатие или Установа
Донесува: Совет на Општината

25. Одлуки за измени и дополнувања на донесените програми од Советот за 2025 година по укажана потреба за промени и дополнувања
Изготвува: Изготвувачот на програмата
Донесува: Совет на Општината

26. Информација за водоснабдување и одводнување на отпадни води на Општина свети Николе;
Изготвува : Одделение за комунални дејности,ЈКП Комуналец
Усвојува:Советот на Општината

27. Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за квартал 4
Изготвувач: Одделение за финансии
Донесува: Совет на Општината

28. Одлука за утврдување зони при примена на методологијата за утврдување на пазарна вредност
Изготвува: Одделение за даноци
Донесува Совет на Општина Свети Николе

29. Извештај за редовен годишен попис во Општина Свети Николе со состојба на 31.12.2024 година

Изготвува: Одделение за финансии
Донесува: Совет на Општината
Усвојува: Совет на Општината

30..Советнички прашања, Советниците ќе поставуваат на седница по исцрпениот дневен ред, кога тоа ќе биде утврдено на самата седница, на предлог на некоја од матичните комисии на Советот, на предлог на Градоначалникот, по потреба во текот на 2025 година,согласно со Деловодникот за работа на Советот на Општината.

**II.2. Второ тромесечие период Април - Јуни 2025 година**

1. Предлог План за запишување на учениците во прва година во СОУ Кочо Рацин Свети Николе учебна 2025/2026 година.

Изготвува: СОУ Кочо Рацин Свети Николе
Усвојува :Советот на Општина Свети Николе

2. Програма и План за управување со отпа

Изработува: Одделение за комунални работи
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

3. Информација за состојбата, локацијата и одржувањето на културно-историските споменици и градбеното наследство на подрачјето на Општина Свети Николе.

- Евиденција на спомениците и спомен-обележјата во нашата Општина и изработка на проекти за изградба на нови споменици и спомен-обележувања.

Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

4.Програма за одбележувања на значајни празници, настани и личности.

Изработува: Одбор за одбележување на значајни празници, настани и личности.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

5. Информација за состојбата со гробиштата во Општина Свети Николе.

Изработува: ЈП"Погребални услуги" Свети Николе.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

6. Информација за состојбата на спортските терени и објекти со предлог на мерки.

Изработува: Комисија за јавни дејности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

7. Информација за целокупниот имот на Општина Свети Николе.

Изработува: Општинска администрација
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

8. Информација за одржаниот меѓународниот фолклорен фестивал Тодорица .

9.Извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за прво тромесечие во 2025 година.

Изработува: Одделение за финансии и буџет.
Усвојува : Совет на Општина Свети Николе.

10.Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во Општина Свети Николе во текот на 2025 година. Реализацијата ќе биде во текот на целата година согласно постапките за нивно донесување.

11.Информација за Локалниот економски развој на Општина Свети Николе;

Изработува: Одделение за локален економски развој ;
Усвојува : Совет на Општина Свети Николе..

12.Информација за чистење на речните корита на треиторијата на Општина Свети Николе;

Изработува: Одделение за комунални работи
Усвојува : Совет на Општина Свети Николе.

**II.3. Трето тромесечие – период Јули - Септември 2025 година**

1. Локален акционен план за животна средина
Изработува: Стручни служби при општинската администрација со НВО
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

2. Програма за прославување на "Свети Николај".
Изработува: Одбор за одбележување на значајни празници, настани и личности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

3. Извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за второ тромесечие во 2024 година.
Изработува: Одделение за финансии и буџет.
Усвојува : Совет на Општина Свети Николе.

4.Информација за реализација на проектите кои се реализирани со средства од донации.
Изработува: Одделение за урбанизам и комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

5. Извештај на ревизорот за 2024 година.
Изработува: Внатрешен ревизор
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

6. Информација за наплата на комуналните такси во 2025 година.
Изработува: Одделение за финансии, даноци и ЛЕР
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

7.Годишни програми за работа на:
- ОУ,,Кирил и Методиј,, Свети Николе за 2025/2026 година.
- ОУ,,Гоце Делчев,, Свети Николе за 2025/2026 година.
- ОУ ,,Даме Груевс,, Ерџелија за 2025/2026 година
- СОУ ,,Кочо Рацин,, Свети Николе за 2025/2026 година
- ЈОУДГ ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе за 2025/2026 година

8..Извештаи за работата на:
- ОУ Кирил и Методиј Свети Николе за 2024/2025 година.
- ОУ Гоце Делчев Свети Николе за 2024/2025 година.
- ОУ Даме Груев" с. Ерџелија за 2024/2025 година
- СОУ Кочо Рацин Свети Николе за 2024/2025 година
- ЈОУДГ Рахилка Гонева Свети Николе за 2024/2025 година

**II.4. Четврто тромесечие период Октомври - Декември 2025 година**

1.Информација за почетокот на школската година, состојбите во претшколските установи и основните училишта.
Изработува: Комисија за јавни дејности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

2.Годишни програми за работа на:
- ОУ Дом на Културата ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2026 година
- ОУ Народен музеј Свети Николе за 2026 година.
Изработуваат: Општинските јавни установи.
Донесува: Училишните односно Управните одбори на установите.

3.Програма за одржување на улиците во зимски услови во Општина Свети Николе за 2025/2026 година
Изработува: Одделение за комунални работи
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

4.Извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за третото тромесечие во 2025 година.
Изготвува: Одделение за финансии и буџет
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

5.Буџет на Општина Свети Николе за 2026 година
Изработува: Одделение за финансии и буџет
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

6. Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2026 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

7.Програмата за комунални дејности на Општина Свети Николе за 2026 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

8.Програмата за изградба , реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе за 2026 година.

Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

9.Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2026 година.
Изработува: Одделение за урбанизам.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

10.Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2026 година
Изработува:Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

11.Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата за 2026 година
Изработува: Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

12. Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт, млади и подршка на НВО секторот за 2026 година
Изработува: Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

13.Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието за 2026 година
Изработува: Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

14. Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2026 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

15.Програма за прославување на Свети Никола патронот на град Свети Николе.
Изготвува: Одбор за одбележување на празници, настани и личности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

16. Донесување акти од областа на заштита и спасување на населението и материјални добра од природни непогоди и други кризни состојби

Донесува: Одделение за јавни дејности

Разгледува: . Комисија за комунални работи и сообраќај

Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

**III.НОРМАТИВЕН ДЕЛ**

Со овој дел од Програмата за работа на Советот на Општина Свети Николе се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2025 година, која се однесува во донесување на нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период од страна на Советот врз основа на прописите што ќе бидат донесени во 2025 година.

**IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ**

За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени со Програмата.

Во текот на 2025 година, Советот на Општина Свети Николе ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат во тековното работење.

Извршувањето на програмата ќе зависи од законските и финансиските услови.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр. 0801-985** — **Совет на Општина Свети Николе**
**29.01.2025 год.** — **Претседател,**
**Свети Николе** — **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот на локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ( " Службен Гласник на на Општина Свети Николе бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе донесе:

## З А К Л У Ч О К

За објавување на Програмата за работа на ОУ "Народен Музеј" Општина Свети Николе за 2025 година бр. 0801/986, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата оддржана на ден 29.01.2025 година.

**Бр. 0901-996/3** — **Општина Свети Николе**
**29.01.2025 год.** — **Градоначалник,**
**Свети Николе** — **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01.2025 година донесе:

## О Д Л У К А
### За усвојување на Програма за работа на ОУ Народен Музеј Свети Николе 2025 год

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе ја усвои Програмата на работа на Општинската Установа НАРОДЕН МУЗЕЈ-Свети Николе 2025 година усвоена со Одлука за усвојување на Предлог-Програмата за 2025 год. на Управен одбор на ОУ Народен музеј Свети Николе бр.02-24/4 од 20.01.2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801- 986**
**29.01.2025 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска с.р.**

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА**

**Општинска Установа НАРОДЕН МУЗЕЈ-Свети Николе 2025 година**

Свети Николе 2025 година

**Вовед**

Нашата установа врз основа на работата во изминатите години, реализирана со поддршка од општина Свети Николе, министерството за култура, универзитетите Свети Кирил и Методиј и Гоце Делчев како и партнерите од европа, креира политика на имплементација на долгорочни проекти, согласно финансиските можности, а во исто време спазувајќи го моментот на квалитет а не на квантитет, ставајќи акцент на безбедноста и заштитата, како и на промоцијата на културното наследство.

Во целиот процес, како установа секогаш сме отворени за соработка и при тоа истата е проширена со партнери од повеќе европски држави на различни нивоа на работа. Секогаш се стремиме кон транспарентост со институциите заради прецизна обработка и спазување на сите законски норми преку реализирање на проекти и тоа:

1. Функционална и тафономска анализа на камени орудија од палеолитскиот локалитет Узун Мера (УГД и ОУ Народен музеј СН, во меѓународна соработка со Универзитетот во Ферара, Италија.
2. Најраните земјоделски и урбани центри во Македонија: археолошко истражување на неолитската населба Барутница кај с. Амзабегово, Свети Николе (меѓународна соработка помеѓу ОУ Народен музеј СН, Австриската академија на науки и Универзитетот во Берн - Швајцарија).
3. Палеолитот во Источна Македонија: сондажно истражување на локалитетот од Средниот Палеолит Узун Мера кај с. Мустафино, Свети Николе (УГД, ОУ Народен музеј СН; меѓународна соработка со Државен Универзитет на Калифорнија-Домингез Хилс - ЛА, САД; Фондација Балканско Наследство - Софија, Бугарија).
4. Апсолутно датирање на седимент од палеолитскиот локалитет Узун Мера со помош на ОСЛ методот (ОУ народен музеј СН во меѓународна соработка со Центарот за истражување на човековата еволуција од Бургос, Шпанија)
5. Апсолутно датирање на јаглен од неолитската населба Барутница, со помош на 14Ц методот (УГД и ОУ Народен музеј СН во меѓународна соработка со Универзитетот во Берн, Швајцарија).
6. Флотација и археоботаничка анализа на остатоци во седимент од неолитската населба Барутница (ОУ Народен музеј СН, во меѓународна соработка со Археолошкиот институт на Австрија, Австриска академија на науки, Виена, Австрија).
7. Археолошки истражувања на неолитската населба Барутница, с. Амзабегово, Свети Николе Геомагнетно скенирање и позиционирање на референтни точки, во соработка со Австриската академија на науки,Флотација и археоботанички анализи како и ДНК екстракција и анализа на одбрани примероци, во соработка со Австриската академија на науки.
8. Микроскопска и петрографска анализа на фрагменти од садова керамика во соработка со Универзитетот во Јорк- Обединето Кралство, како дел од Проектот IНајраните земјоделски и урбани центри во Македонија: археолошки ископувања на неолитската населба Барутница кај село Амзабеговв и соработката со Австриската академија на науки Ђ австриски археолошки институт.

Својата програма музејот ја реализира со финансиска поддршка од министерството за култура, преку блок дотации и годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес. Во овој сегмент и општината одвојува значителни финансиски средства подржувајќи го имплементирањето, како на проекти од национален интерес, така и за тековни потреби на својата установа.

Но одредени специфични научно истражувачи работи се реализираат во и надвор од нашата држава, финансирани од нашите партнери. Се со цел добивање на релевантни информации со кои на научна основа се потврдува посебноста на ентитетите кои живееле на овие простори, создавајќи култура која е од особено значење за светското културно наследство.

На овој начин со транспарентно споделување на информациите, односно емпириските докази и сознанијата кои призлегуваат, како краен продукт добиваме непобитни докази за континуитетот е еволуцијата на македонската култура и народ низ вековите на овие простори.

## Програма и проритети

За 2025 година програмата за работа е дефинирана по следниот редослед, следејќи ги приоритетите на установата и тоа:

### I. Проекти финансирани од Министерството за култура Програма 80 и Програма 90, Општина Свети Николе програма К3 и партнери од Македонија и ЕУ, кои ќе се реализираат во два сегменти и тоа во:

- Музејска дејност

1. Проект: Систематски археолошки истражувања Ѣ Билазора, с. Кнежје, Свети Николе.
2. Проект: Извршување на работите на непосредна заштита според основен проект-Ӏзаштита на музејски материјал-археолошки предмети од локалитетот Билазора, Свети Николе вЂ ИИ фаза (заштита на предмети изработени од бронза, сребро, олово, стакло, камен, керамика)
3. Конзерваторски истражувања и изработка на основен проект за заштита на музејски материјал - оружје и воена опрема од историска збирка

- Меѓународна соработка

1. Проект: Најраните земјоделски и урбани центри во Македонија: Археолошки истражувања на неолитската населба Барутница кај Амзабегово
   - Проект: Геофизички истражувања.
   - Проект: Летно училиште во соработка со Балкан Херитаге Фондатион.
2. Проект: Изработка на 3Д виртуелни, артефакти од постојаната археолошка поставка Ѣ Билазора, Еразмус проект во соработка со универзитетот вСвети Кирил и Методијг.

### II. Тековни активности на музејот

- Маркетинг

1. Изработка на комерцијални копии, печатење на публикации и друг рекламен материјал.
2. Доуредување на сувенирница.
3. Подготовка и печатење на водич за постојните поставки.

- Доуредување на постојаните поставки:
    1. Доуредувањето и комплетирање на поставките во музејот, е постапка која тече во континуитет.
    2. Промена на осветлувањето со набавка и инсталација на штедливи енергетски тела. Ђ во депоа
    3. Подготовка и печатење на принтови и легенди за витрини, како и постаменти за предметите, за новата постојана археолошка поставка, во која ќе се опфати период од праисторија, низ антиката заклучно со средниот век, со изложување на над 200 артефакти.

- **Организирање на ликовна работилница**
    1. Во соработка со друштво на ликовни уметници од Свети Николе вОвчеполски спектарг.

- Меѓуинституционална соработка
    1. Продолжувањње и проширување на меѓу-институционалните соработки на локално и меѓународно ниво, како и изработка на проекти со сродни институции и универзитети од земјава и надвор од неа.

- Безбедност
    1. Набавка и поставување на заштитна железна конструкција на влезна врата.

- Тековно одржување на музејски објект:
    1. Санација на кров (мал зафат) како и тековни зафати.

- Набавка на опрема
    1. Опрема.

- **Организирање на повремени изложби, промоции, презентации и сл.**

## I. Проекти финансирани од Министерството за култура и туризам, програма 80 и 90, со партнери од Македонија и ЕУ, кои ќе се реализираат во два сегменти, и тоа во:

Во **музејската дејност** дефинирани се истражувачко заштитни проекти, со кои е заокружен процесот на систематско истражување, заштита и промоција на културни добра. Односно планирано е имплементирање на два проекти, поврзани со систематско археолошко истражување на археолошкиот локалитет Билазора и козерваторски проект за заштитно конзерваторски работи на артефакти, кои се добиени од истражувањата на споменатиот локалитет.
Во овој дел акцентот е ставен на раноантичкиот археолошкиот локалитет – споменик на култура, Билазора датиран, од VII до II век пред нашата ера, кој со својата посебност се издвојува во светски рамки, дефинирајќи ја пајонската култура. За таа цел се продлабочи соработка со сите инволвирани страни, заради содветно планирање и координиран пристап во процесот на систематски археолошки истражувања, примарната заштита и козервација на истраженото движно и недвижно културно добро, како и на неговата промоција, со употреба на најсовремена технологија.
Додека за предметите кои потекнуваат од ова наоѓалиште, изработен е конзерваторски проект, преку кој континуирано се врши конзервација, реставрација и реконструкција на депонираните и изложените артефакти.
Целиот овој процес се реализира согласно одобрени програми за работа и обезбедени дозволи од надлежни установи за заштита на културното наследство.
Проектите кои ќе се реализираат преку оваа програма, произлегуваат од годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата од областа на **музејска дејност и заштита програма 80**, како и од областа на **меѓународната соработка, програма 90 за 2025 година.**

### - Музејска дејност

Во музејската дејност дефинирани се истражувачко заштитни проекти, со кои е заокружен процесот на систематско истражување, заштита и промоција на културни добра. Односно планирано е имплементирање на два проекти, поврзани со систематско археолошко истражување на археолошкиот локалитет Билазора и козерваторски проект за заштитно конзерваторски работи на артефакти, кои се добиени од истражувањата на споменатиот локалитет.

1. Проект: Систематски археолошки истражувања Ђ Билазора, с. Кнежје, Свети Николе.
2. Проект: Извршување на работите на непосредна заштита според основен проект-ІЗаштита на музејски материјал-археолошки предмети од локалитетот Билазора, Свети Николе вЂ ИИ фаза (заштита на предмети изработени од бронза, сребро, олово, стакло, камен, керамика).
3. Конзерваторски истражувања и изработка на основен проект за заштита на музејски материјал - оружје и воена опрема од историска збирка.

Овие проекти, доколку се одобрат од надлежните комисии ќе се реализираат со финансиски средства од буџетот на министерството за култура и туризам, а во соработка со надворешни стручни соработници и сродни установи.

1. **Проект: Систематски археолошки истражувања Ђ Билазора, с. Knежје, Свети Николе.**

## 1.1 Цели на проектот

Основните цели на истражувачката кампања се посеопфатно откривање и определување на археолошките вредности на просторот опфатен со ширењето на палатата кон југ, откривање на јужното крило од палатата и целосно вреднување на археолошките појави на тој простор.

## 1.2 Очекувани резултати

Оформување на целосна слика за владетелската палата како архитектонска градба и заокружување на нејзините археолошки вредности како предуслов за нејзина идна конзервација и натамошна туристичка презентација. Се очекува палатата да се шири на тој простор со што би се откриле различни простории од нејзиното јужно крило. Со тоа би се затворила архитектурата и културната содржина на владетелската палата. Така конечно ќе се добие во целост истражен најзначајниот објект од раната антика во нашата земја.

Се очекува доистражување, поточно откривање уште на јужното крило од палатата што е основната цел на овој проект. Се надеваме дека со целосната реализација на проектот ќе бидат остварени сите цели и очекувани резултати како и значително збогатена музејската збирка на ОУ Народен Музеј Свети Николе чија постојана музејска поставка е во целост посветена на наодите од Билазора и резултатите од досегашните систематски археолошки истражувања. На тој начин може да се смета дека проектот значително допринесува не само за збогатување на научните сознанија за раната антика туку и за збогатување на културните содржини и развивање на културниот туризам во општина Свети Николе. Вака обмислениот и реализиран проект е од посебно значење за научната јавност особено за правилно определба и дефинирање на раната антика на балканот и историскиот карактер и белези на пајонската и старо македонска држава со посебен акцент на нивните меѓусебни културни етнички и трговски релации.

**Побарани финансиски средства за реализација на предложениот проект:**
Министерство за култура и туризам 300.000,00 денари
**Вкупно 300.000,00 денари**

2. **Проект: Извршување на работите на непосредна заштита според основен проект-IЗаштита на музејски материјал-археолошки предмети од локалитетот Билазора, Свети Николе вЂ ИИ фаза (заштита на предмети изработени од бронза, сребро, олово, стакло, камен, керамика).**

## 2.1 Цели на проектот

Заштита на движното културно наследство со вредност и значење и со висок степен на загрозеност, со вршење на IНепосредна заштитаг преку обезбедување конзерваторско-реставраторски работи и активности (реставрација, реконструкција), како вид на директна интервенција на заштитените добра што се преземаат во јавен интерес. Крајна цел е спречување од понатамошно оштетување, разградување и пропаѓање на овој музејски материјал преку превземање на конкретни стручни дејствија, зачувување на заштитеното добро во изворна состојба и автентично обновување на делумно уништено заштитено добро.

## *2.2 Очекувани резултати*

Проектот ќе допринесе за содветна обработка и идентификување на движни музејски предмети, содветно објавување и интерпретација на резултатите од археолошките истражувања преку стручни- научни или популарни публикации, управување на ова движното културно наследство со вредност и значење преку соодветно депонирање, чување. содветно изложување и подобрување на музејската збирка и постојаната поставка преку нивно реконципирање а на овој начин овој музејски материјал ќе може соодветно стручно научно да се обработи, валоризира и презентира пред научната и пошироката јавност на повремени изложби и ќе биде зачуван за идните генерации.

## 1.3 Опис на проектот

Проектот предвидува комплетно истражување на стратигравските и културни вредности на тој простор со откривање на сеуште неистражените делови од палатата. Во таа смисла се очекува откривање на три до четири простории, со комплетниот културен инвентар во нив, кои го формираат јужното крило на палатата а кои се шират во сеуште неистражениот простор.

Исто така ќе бидат археолошки истражени и помладите слоеви од последната фаза на населбата, врз рушевините на веќе срушената палата.

Проектот предвидува на тој начин да биде формирана историската слика не само за вредностите и употребата на владетелската палата туку и на настаните и процесите што се одвивале на тој простор после рушењето на палатата од келтите 279 година п.н.е. и употребата на истиот простор во рамки на новата урбанизација најверојатно како војничко касарнски простор што е посведочено во постоечките пишани историски извори на тој начин откриените археолошки наоди ќе добијат посебна тежина како илустрација на историските записи од античките автори.

Во таа смисла проектот е неопходен за вреднување на карактерот и вредностите не само на Билазора како пајонска престолнина туку и за севкупната раноантичка култура на Македонија. За тоа да се постигне предвидена е теренска работа на непосредно археолошко ископување како и лабораториски анализи на откриените движни и недвижни остатоци но и изготвување на документација која подразбира фотограметриско снимање на теренот со дрон и фото камера, топографско снимање на теренот со тотална станица. Поради систематскиот карактер на истражувањата проектот ќе ги сумира резултатите од сите досегашни истражувачки кампањи како и податоците од музеолошко - конзерваторските податоци за таа цел во проектот ќе бидат користени анализите и услугите на стручњаци од различен профил: археолози, конзерватори, документатори, антрополози, геолози. Во проектот ќе бидат вклучени и студенти од институтот за археологија на филозофскиот факултет кои ќе можат да

практицираат теренска настава и непосредно запознавање со методологијата на археолошките истражувања и музеологија.

Досегашните резултати од проектот се веќе во неколку научни и стручни публикации објавени и презентирани на различни научни собири на балканот и европа: Софија, Благоевград, Солун, Атина, Тирана, Загреб и итн. Така што самиот локалитет е широко прифатен и афирмиран во науката иако нецелосно истражен што посебно се однесува на владетелската палата. Со овогодишниот проект и со целосното заокружување на архитектурата и на археолошките вредности на палатата проектот ќе биде затворен од научен култулорошки аспект и ќе отвори

простор за јавна презентација и нејзина широка афирмација како еден од најјаките пунктови во балканската археологија. Со комплетното истражување на палатата и нејзиното поврзување со останатите откриени објекти на акрополата, целиот тој простор (акрополата) ќе може да се третира како административно владетелски и религиозен центар на градот Билазора или како што го определуваат античките автори најголемиот град на Пајонците.

### *2.3 Опис на проектот*

Планираните активностите ќе се организираат и реализираат како посебен проект а ќе се изведат врз основа на Законот за заштита на културното наследство, согласно добиеното Конзерваторско одобрение за извршување на работи на непосредна заштита, издадено од Управа за заштита на културното наследство. Извршување на работите ќе бидат според основен проект - IЗаштита на музејски материјал-археолошки предмети од локалитетот Билазора, Свети Николе в(бр. 09-79/1од 09.06.2021г). Проектот е продолжување на веќе започнати активности во 2021, 2022, 2023 и 2024 година со реализирана И и ИИ фаза на обработка на материјал од керамика и железо, со преостанати предмети од ИИ фаза на материјал од бронза, сребро, олово, стакло, коска, камен, керамика со кои би се завршил и комплетирал целокупниот материјал од основниот проект IЗаштита на музејски материјал- археолошки предмети од локалитетот Билазора, Свети Николе в (бр. 09-79/1од 09.06.2021г).

**Побарани финансиски средства за реализација на предложениот проект:**

Министерство за култура и туризам 200.000,00 денари

**Вкупно 200.000,00 денари**

## 3. ПРОЕКТ: Конзерваторски истражувања и изработка на основен проект за заштита на музејски материјал - оружје и воена опрема од историска збирка

### 3.1 Цели на проектот

Бидејќи во изминатиот период на предметите не е вршена непосредна заштита, состојбата во која се наоѓа поголем дел од овој музејски материјал наметнува потреба да се извршат соодветни истражувања со сериозен, целосен и комплексен пристап со неопходни анализи и непосредна заштита со соодветни мерки кои ќе овозможат зачувување на овој музејски материјал во изворна состојба. Целта на конзерваторските истражувања е утврдување на степенот на оштетеност и деструктивните промени на материјалот.

### 3.2 Очекувани резултати

Резултатите добиени ќе бидат во насока на дефинирање на Проектна програма и изготвување на Проект за непосредна заштита со утврдени соодветни методи и определени мерките на непосредна заштита.

### 3.3 Опис на проектот

- Определување на учесници и нивната позиција, односно својство, со формирање Стручен тим за истражувачки работи и изработка на конзерваторски проект.
- Изготвување (пишување) на содветна оперативна Програма за конзерваторски истражувања. Кога ќе биде готова програмата ќе биде испратена до Управа за заштита на културното наследство заради обезбедување на нејзино уредно прифаќање, односно потпишување.
- Согласно добиено Конзерваторско одобрение издадено од Управа за заштита на

културното наследство и според Програма за конзерваторски истражувања и ќе биде вршено организирање и вршење на неопходни истражувачки работи за потребите на предметниот проект и тоа:

- ✓ опис на доброто при што ќе бидат опфатени основните податоци за идентификација.
- ✓ анализа на техниката и анализа на состојбата.
- ✓ физичко-хемиски анализи потребни за идентификација, одредување и дефинирање на материјалните карактеристики на предметниот материјал.

- ✓ физичко-хемиски анализи за идентификација и утврдување на методите предвидени за непосредна заштита и прифатливост на новите материјали кои би се користеле во конзервацијата со соодветната примена на технологиите и техниките за непосредна заштита.
- ✓ изработка на дигитална фотодокументација.

- Подготвување и изработка (пишување) на содветниот вид конзерваторски проект, според пропишаната содржина.
- Кога ќе биде готов проектот, ќе биде испратен до матичната институција надлежена за конзервација на движно наследство НУ Музеј на Р. С. Македонија – Скопје од обласата на историја, со барање за вршење стручна контрола.

**Побарани финансиски средства за реализација на предложениот проект:**

Министерство за култура и туризам 165.000,00 денари

**Вкупно 165.000,00 денари**

## - Меѓународна соработка

Во делот на меѓународната соработка, пред министерството за култура и турзам аплицирано е за финансиска поддршка за истражувачки проект на археолошки локалитет Барутница, с. Амзабегово, во соработка со Австрискиот археолошки институт при Австриската академија на науки. Во истоимениот проект ќе се организира и летна школа, во соработка со Balkan Heritage Fondation.

Додека врз основ на претходно воспоставената соработка со универзитетот “Свети Кирил и Методиј во тек е имплементација на Еразмус проект.

1. **1.** Проект: Најраните земјоделски и урбани центри во Македонија: Археолошки истражувања на неолитската населба Барутница кај Амзабегово
- Проект: Геофизички истражувања.
- Проект: Летно училиште во соработка со Балкан Херитаге Фондатион.

2. **2.** Проект: Изработка на 3Д виртуелни, артефакти од постојаната археолошка поставка Ђ Билазора, Еразмус проект в**Пристапни виртуелни музејски збирки**г во соработка со универзитетот вСвети Кирил и Методијг.

## 1. ПРОЕКТ: НАЈРАНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И УРБАНИ ЦЕНТРИ ВО МАКЕДОНИЈА: АРХЕОЛОШКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА НЕОЛИТСКАТА НАСЕЛБА БАРУТНИЦА (АМЗАБЕГОВО)

### 1.1 Цели на проектот

Во 2023 започнавме успешна соработка со Австрискиот археолошки институт при Австриската академија на науки, која продолжи и во наредната 2024. За 2025 се предвидува продолжување и унапредување на соработката и вмрежување со нивните активности во Јужна Србија. Целта е долгорочна соработка и значително ниво на истраженост на археолошкиот локалитетот, како и методолошко и теоретско приближување со Австриската академија на науки и унапредување на Македонската археолошка наука.

### 1.2 Очекувани резултати

- откривање на други простории од Римската вилла рустица и проучување на стопанството на овој објект од 2-ри век.
- дооткривање на објектот од последните неолитски фази и просторот околу него, вклучувајќи ја улицата и евентуалниот плоштад кон Исток.
- откривање на урбаната организација на населбата од крајот на Неолитот (5300-5000
- година п.н.е).
- доистражување на ранонеолитските слоеви (6200 - 5800 година п.н.е) во сонда 1.
- прибирање на примероци од седимент и јаглен за понатамошна анализа и прецизно датирање на раните фази на населбата.

### 1.3 Опис на проектот

Археолошкиот локалитет „Барутница“ кај с. Амзабегово е епонимен локалитет за најраната неолитска култура во централниот дел на Балканот, и како таков е добро познат во светската праисторија. Се наоѓа околу 1 км. јужно од селото, на завојот на железничката пруга (41°48'4.09"N; 21°59'37.72"E; 240 метри надморска височина). Всушност пругата сече еден помал дел од локалитетот. Локалитетот е лесно достапен како од селото, така и од експресниот пат Штип-Велес. Локалитетот е откриен во 1959 година при пошумување на појас северно од пругата. На површината бил исфрлен археолошки материјал и на терен била повикана екипа од музејот во Штип, предводена од Воислав Санев.

Почнувајќи од 1960 биле извршени сондажни ископувања во повеќе етапи од страна на различни екипи, што резултираше со три монографски изданија (Корошец и Корошец, 1973; Gimbutas, 1976; Санев и др., 2009). Последните ископувања се вршеле во 1970 година и споменатите монографии се базираат на податоци од тие ископувања. Користејќи нови методи и научен пристап, во 2019 година започна нова кампања со долгорочна стратегија и визија за истражување, заштита и презентирање на овој локалитет, односно негово вклучување на само во модерните научни текови, туку и во туристичката понуда на општина Свети Николе за бенефит на локалното население. Станува збор за населба од Неолитот, која живеела во сите фази, од најраната во крајот на 7-от милениум п.н.е., па се до појавата на енеолитски новитети во материјалната култура кон крајот на 6-от и почетокот на 5-от милениум п.н.е.

Годишните кампањи се дел од долгорочен проект со мултидисциплинарен пристап и со учество на меѓународни партнери (универзитети, институти и лаборатории).

**Планирани активности**

a. **Административна и логистичка подготовка за работа на терен.**
b. **ГИС, фотограметрија и 3Д моделирање**

Обезбедување на податоци од Катастар (LIDAR) и орто-фотографии од Министерство за шумарство и водостопанство. Обработка на тие податоци и креирање детална повеќеслојна подлога на локалитетот, која ќе ги содржи сите детали од моменталната состојба на теренот и на која ќе биде внесена целокупната достапна техничка документација од истражувањата од 1960, 1969-70 и 2019-22, и на која директно ќе се внесуваат сите понатамошни податоци. Изработка на виртуелни 3Д модели на досега откриените и идни недвижни објекти на локалитетот.

c. *Ископување*

Ископување ќе се врши на два пункта: јужниот дел од квадратната мрежа (линии F, G, H), и во рамките на сонда 1. На првиот пункт ќе се отвори површина од 75 м2, која се надоврзува кон Исток на досегашните 100м2. На новоотворената површина ќе бидат детално документирани остатоците од Римскиот период и од Среден Век, со изработка на детален 3Д дигитален модел. По изедначување на нивото на целата површина од 175 м2 до најгорните ненарушени нивоа од Доцниот Неолит, истражувањата ќе продолжат во длабочина рамномерно на целиот простор, документирајки ги сите нивоа на Неолитот во смисла на урбана организација на населбата, промени во архитектурата и социјален, културен и економски живот во текот на 7ми и 6ти милениум п.н.е.

На досегашната отворена површина се открија интересни феномени кои се новитет за Македонската праисториска археологија, имено постоење на правилна урбана организација на населбата, со тампонирани главни и споредни улици, јавни широки места со отворени огништа за собир и организирање на настани (прото-плоштади) и правилен распоред на архитектурните објекти.

Има индиции дека ваквата организација на населбата, со помали адаптации и отстапувања, била одржувана уште од најраните фази па се до крајот на Неолитот, или во текот на повеќе од еден милениум, што е извонреден податок, тешко остварлив дури и за Античките па и
современите урбани центри.

Во сонда 1, која е со димензии 3х3м, поделена на 9 квадрати од 1х1м, ќе продолжат ископувањата со микростратиграфски пристап по квадрати. Досега целосно се истражени кв. 7 и 8 до геолошка основа, додека останатиот дел од сондата е истражена до половина од вкупната стратиграфија од над 4 м. Овде прецизно се документираат сите дискретни промени во наслојувањето и, преку прибирање и анализа на различни типови примероци се интерпретираат активностите на неолитските луѓе во рамките на живеалиштето и надвор од него.

Во опишаните теренски активности, освен специјалисти од државата, учествуваат и специјалисти од странство, особено преку воспоставената соработка со Австриската академија на науки. Проектот исто така вклучува и локални жители, кои би биле ангажирани во дел од активностите, како ископ на земја, расчистување на терен, чување и одржување на алат и локална логистика. Исто како секоја година, во проектот ќе бидат вклучени и студенти по археологија од УГД и УКИМ, и со тоа проектот добива образовна

улога овозможувајќи им на студентите учество во меѓународен тим и користење на современи пристапи, методи и технологии.

**d.** *Документирање на материјал и обработка на податоци*

Откриениот движен материјал за време на проектот ќе биде чистен, класифициран, документиран и внесен во музејскиот систем во теренската база или во просториите на ОУ Народен музеј Свети Николе, каде ќе останат на трајно чување. Податоците кои произлегуваат од документирањето на материјалот, заедно со податоците од другите теренски активности, ќе бидат внесувани во централна база на податоци за понатамошна обработка и анализа, која завршува со финална научна интерпретација, извештај и дисеминација на новоткриените податоци за локалитетот.

**Побарани финансиски средства за реализација на предложениот проект:**

Министерство за култура и туризам 309.000,00 денари

**Вкупно 309.000,00 денари**

- **Проект: Геофизички истражувања.**
  Како дел од систематските археолошки истражувања на Барутница е и процесот на употреба на современи неинвазивни методи за прецизно мапирање неоткриеното недвижно добро, со употреба на различни видови на техники и уреди. Процес кој е подржан и финансиран од Австриската академија на науки.
- **Проект: Летно училиште во соработка со Balkan Heritage Fondation.**

## 2. ПРОЕКТ: Пристапни виртуелни музејски збирки.

Во соработка со Филозофскиот факултет ќе се изготви виртуелна тура на музејската поставка и изработка на тродимензионална датабаза на дел од инвентарираниот материјал, со користење на најсовремена методологија, опрема и софтверски решенија.

***Поднесените проекти ги следат основните цели за истражување, заштита и промоција на културното наследство во и надвор од границите на нашата држава, преку процесот на нивната подготовка и имплементирање, се продлабочува и воспоставува соработка со стручни лица и институции, во и надвор од границите на Македонија. Додека степенот на реализација на одобрените проекти ќе зависи од одобрените средства од министерството за култура и туризам. Што се однесува на проектите кои произлегуваат од соработката со институции од земјава и од странство, нивната имплементација е директно поврзана со можноста на нашите партнери и нивните извори на финансирање.***

# II. Тековни активности на музејот (Програма К3 Ђ сметка 763010934290319 и 7630109342260317)

- ## Маркетинг

1. Изработка на комерцијални копии, печатење на публикации и друг рекламен материјал.

Маркетингот е битен елемент за промоција, преку подготовка на материјали за продажба

2. Доуредување на сувенирница.

Изработка и поставување на нови полици за изложување на сувенири и публикуван материјал.

3. Подготовка и печатење на водич за постојните поставки.

Со поставување на на новата постојана поставка ќе се заокружи процесот на ставње во употреба на сите изложбени простории, при што за целокупниот материјал од полето на археологијата, етнологијата и историјат ќе се подготви изработи и испечати водич.

- Доуредување на постојаните поставки:

1. Доуредувањето и комплетирање на поставките во музејот, е постапка која тече во континуитет.

Резултатите од имплементацијата на проектот за конзервација на реставрација и реконструкција на движните наоди од археолошки локалитет Билазора, ни дадоа дополнителен луксузен материјал за изложување, заедно со наодите од другите тековни систематски арехолошки истражувања, Узун Мера и Барутница, да издвоиме артефакти кои ќе бидат поставени во новата постојана поставка.

За да се стави во функција поставката потребно е подготовка (дизај на дигитален материјал со висока резолуцијја) и печатење на принтови и легенди за витрини, како и постаменти за предметите, за новата постојана археолошка поставка, во која ќе се опфати период од праисторија, низ антиката заклучно со средниот век, со изложување на над 200 артефакти.

2. Промена на осветлувањето со набавка и инсталација на штедливи енергетски тела. Ђ во депоа

Промената на осветлувањето е тековна работа со која во континуитет се надградува целиот систем за осветлување, со замена на постоечкиот кој е од 2002 година.

- **Организирање на ликовна работилница**

1. Во соработка со друштво на ликовни уметници од Свети Николе вОвчеполски спектарг.

   За организирање на овој настан предвидуваме средства за покривање на основните трошоци за креирање на уметнички дела со користење на различни техники на творење.

- Меѓуинституционална соработка

1. Продолжување и проширување на меѓу-институционалните соработки на локално и меѓународно ниво, како и изработка на проекти со сродни институции и универзитети од земјава и надвор од неа.

- Безбедност

1. Набавка и поставување на заштитна железна конструкција на влезна врата. За оваа намена ќе се одвојат средства за покривање на трошоците за изработка на проектно решение, како и за набавка и поставување на заштитната конструкција, согласно сите важечки норми за заштита на споменици на културата.

- ## Тековно одржување на музејски објект:

1. Санација на кров (мал зафат) како и тековни зафати.

- ## Набавка на опрема

1. Потребата од набавка на опрема, е дефиниран од потребите кои произлегуваат од начинот на истражување, обработка, заштита, документација и презентација на културното наследство.

- **Организирање на повремени изложби, промоции, презентации и сл.**

**I.** Проекти финансирани од Министерството за култура и туризам, партнери од Македонија и ЕУ, Програма 80 (сметка - 180100934260317) буџетска сметка за проекти финансирани од Министерство за култура и туризам), кои ќе се реализираат во два сегменти и тоа во:

| Опис на активностите - проекти | Време | Програма | Финансиски средства | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| - **Музејска дејност** | | | | |
| 1. „Систематски археолошки истражувања – Билазора, с. Кнежје, Свети Николе“ | 06.05.2025 до 30.06.2025 30 дена | 80 Конто 464990 | Министерство за култура и туризам | 300.000,00 ден. |
| 2. Извршување на работите на непосредна заштита според основен проект - „Заштита на музејски материјал- археолошки предмети од локалитетот Билазора, Свети Николе “– II фаза (заштита на предмети изработени од бронза, сребро, олово, стакло, камен, керамика) | 20.04.2025 до 27.08.2025 70 дена | 80 Конто 464990 КЗ Сметка 603 | Министерство за култура и туризам | 200.000,00 ден. |
| 3. Конзерваторски стражувања и изработка на основен проект за заштита на музејски материјал - оружје и воена опрема од историска збирка. | 01.04.2025 до 31.12.2025 240 дена | 80 Конто 464990 КЗ Сметка 603 | Министерство за култура и туризам | 165.000,00 ден. |
| - **Меѓународна соработка** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Најстарите земјоделски и урбани центри во Македонија: археолошки истражувања на неолитската населба Барутница кај с. Амзабегово, Свети Николе. | 01.07.2025 до 31.07.2025 31 дена | 80 Конто 464990 | Министерство за култура | 309.000,00 денари |
| - *Проект: Геофизички истражувања.* | Прва недела од март 2025 | / | Австриска Академија на науки | Австриска Академија на науки |
| - *Проект: Летно училиште во соработка со Balkan Heritage Fondation.* | Втора недела во Јули – три недели | / | *Balkan Heritage Fondation.* | *Balkan Heritage Fondation.* |
| 2. Пристапни виртуелни музејски збирки | / | / | Еразмус | Програма Еразмус |
| **Вкупно побарани средства** | **За 2025 година** | **80 КЗ Сметка 603** | **Министерство за култура и туризам** | **974,000,00 денари** |

| **II. Тековни активности на музејот (Програма КЗ сметка 763010934290319 и 7630109342260317) ГРУПА 1** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ МУЗЕЈСКИ АКТИВНОСТИ** | | | | |
| - Маркетинг | Цела година | Сметка 903 | КЗ | 17.000,00 денари |
| - Доуредување на постојаните поставки: | Цела година | Сметка 903 | КЗ | 10.800,00 денари |
| - Организирање на ликовна работилница | Цела година | Сметка 903 | КЗ | 40.000,00 денари |
| - Меѓуинституционална соработка | Цела година | Сметка 903 | КЗ | / |
| - Безбедност: набав. и пост. заштитна железна конструкција. | Цела година | Сметка 903 | КЗ | 40.000,00 денари |
| - Тековно одржување на музејот објект: | Во текот на целата на година | Сметка 903 | КЗ | 15.000,00 денари |
| - Набавка на друга опрема опрема | Цела година | Сметка 903 | КЗ | 20.000,00 денари |
| - Организ. на поврем.изложби, промоц.презент. и сл | Цела година | | | 10.000,00 денари |
| **Планирани средства:** | | | | **152.800,00 денари** |
| | | | | |
| **ТЕКОВНИ ТРОШОЦИ ЗА ПОДМИРУВАЊЕ НА ОБВРСКИ** | | | | |
| - Edusoft – програма за пресметка на плати | | | | 14.160,00 денари |
| - Програма за евиденција на музејски предмети | | | | 18.600,00 денари |
| - Проверка и сервисирање на ПП апарати | | | | 9.000,00 денари |
| - Договорни услуги: Книговодство,човечки ресурси, јавни набавки,оддржување на информ. опрема и софтвер и тв свет, чистење оулуци | | | | 71.000,00 денари |
| - МКХОСТ – плаќане на ДОМЕНИ ( DNS менаџмент плат во 2024 след 2026) | | | | 1.567,00 денари |

| | |
|---|---|
| - Телекабел - оптички | 16.800,00 денари |
| - Електрична енергија кон ЕВН- индустриска | 100.000,00 денари |
| - Пошта | 5.000,00 денари |
| - Комунални услуги | 30.000,00 денари |
| - Дезинсекција и дератизација | 5.000,00 денари |
| - Осигурување ПОЛИСА | 15.000,00 денари |
| - Завршни сметки | 9.000,00 денари |
| - Гориво и масла , службени патувања, хигиена, репрезентација, метални рафтови за археолошко депо,одржување веб страна, поправка на оџаци на кров и сл. | 52.073,00 денари |
| **Планирани средства:** | **347.200,00 денари** |
| **ВКУПНО** | **500.000,00 денари** |

*Напомена: Во табелата ИИ се приближно се претставени трошоците за тековните активности на институцијата за 2025 година. Додека реализацијата на проектите од табела И, ќе зависат од одобрените средства од Министерството за култура и туризам за 2025 година.*

Предложената програма за работа на О.У. Народен Музеј-Свети Николе е проектирана за периодот од 01 Февруари 2025 до 31 Декември 2025. Во програмата се опфатени целите, приоритетите и активностите за остварување на основната и проектната дејност на установата. Очекуваните резултати и придобивки од програмата се: видлив ефект и придонес; сопствено промовирање и етаблирање; заштитено културно Ђ историско наследство; успешна имплементација на проектните активности; подготовка и промоција на што повеќе резултати од дејноста. ОУ Народен Музеј – Директор -Александар Нацев с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот на локална самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ( “ Службен Гласник на на Општина Свети Николе бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе донесе:

## З А К Л У Ч О К

За објавување на Програмата за одржување на улично осветлување на Општина Свети Николе за 2025 година бр. 0801/987, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата оддржана на ден 29.01.2025 година

**Бр. 0901-996/4**
**29.01.2025 год.**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 15 од Законот за комунални такси (IСлужбен весник на РСМ бр.61/2004; 64/05; 92/07; 123/12 153/15; 192/15 и 23/16) ), како и член 8 од Статутот на Општина Свети Николе

ПРОГРАМА

**за одржување на јавното осветлување во Општина Свети Николе за 2025 година**

Со програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Свети Николе за 2025 година се врши распределба на средствата што на Општина Свети Николе и припаѓаат согласно Законот за комунални такси за користење и одржување на јавното осветлување во сервисните и станбените улици.

Средствата ќе се користат за тековна потрошувачка на електрична енергија и за одржување на инсталациите за осветлување во сервисните и станбените улици на подрачјето на Општината.

ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

**на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Свети Николе за 2025 година**

| Ред.бр | Извор на приходи | Буџет 2025п |
|---|---|---|
| 1 | Надоместок од комунална такса за јавно осветлување | 18 000 000 |
| | **Вкупно:** | 18 000 000 |

ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

**на Програмата за јавно осветлување за 2025 година**

| Ред.бр | Планирани расходи | мкд |
|---|---|---|
| 1 | Фактури за потрошена електрична енергија | 6 000 000 |
| 2 | Одржување и материјали | 1 800 000 |
| | **Вкупно:** | **7 800 000** |

ПРЕДВИДЕНИ РАБОТИ КОИ ЌЕ СЕ ИЗВЕДУВААТ ВРЗ ИНФРАСТРУКТУРАТА НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

- Редовна замена на прегорени светилки
- Замена на искршени заштитни стакла
- Замена на неисправни фасонки
- Замена на осигурувачи
- Замена на оштетени кабли и водови во мрежата на јавното осветлување
- Подесување на уредите за контрола на вклучување и исклучување на осветлувањето
- Растеретување на преоптоварени линии во мрежата за јавно осветлување
- Регулирана инсталација на нови сијалични места каде има потреба
- Отстранување на постоечки сијалици на места каде нема потреба од истите
- Проширување на мрежата на јавното осветлување на новоизградени улици
- Контрола на инсталираната моќност во мрежата поради заштеда на енергија
- По потреба инсталација на осветлување за настани од културен и спортски карактер
- Инсталирање на светлечки реклами на метални столбови за јавно осветлување
- Други работи поврзани со јавното осветлување

Сите работи се изведуваат согласно законот за Енергетска ефикасност, член 11, став 2, со што општина Свети Николе ја следи и управува со потрошувачката на електрична енергија во јавното осветлување на начин на кој се сотварува заштеда на електрична енергија.
Инсталацијата на нови потрошувачи ќе се врши исклучиво со претходна проверка на терен и подготвување на записник за фактичката состојба дали има потреба или не од нови светлечки тела.
Набавката на материјалите ќе се одвива во зависност од потребите, без создавање на резерви.
Материјалот потребен за одржување на осветлувањето го набавува субјектот со кој е потпишан договор за одржување на Јавното осветлување.

ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Редовното одржување на јавното осветлување се изведува преку поднесување на барања од страна на граѓаните, месните и урбаните заедници кои се однесуваат на утврдување на дефекти на улично осветлување и проширување на уличното осветлување. Исто така се вршат редовни контроли со записник за согледување на состојбите и отстранување на утврдените дефекти, односно доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Надзор над редовното одржување на јавното осветлување, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи како и динамиката на наменското користење на средствата врши одделението за комунални работи при општина Свети Николе. Висината на сумата за исплата, за одржувањето, зависи од бројот на извршени интервенции и употребениот материјал.

Набавката на материјалот за проширување и одржување на јавното осветлување е предмет на договор што е склучен помеѓу субјектот што го врши одржувањето на јавното осветлување и општина Свети Николе.

Одржувањето на јавното осветлување го врши ЈКП „ Комуналец “ Свети Николе в врз основа на склучен договор.
Спроведувањето на Програмата за јавно осветлување и негово одржување во општина Свети Николе за **2025** година. ја следи Одделението за комунални работи во општина Свети Николе.

ИНФРАСТРУКТУРА

Општина Свети Николе располага со вкупно **64** мерни места и **2316** светилки со вкупна инсталирана моќност од **82,9 KW.**

| | Населено место | Број на мерни места | Број на сијалици | Инсталирана моќност (KW ) | Должина на линија ( m ) |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | Свети Николе | 37 | 1612 | 67.5 | 61120 |
| *2* | Амзабегово | 2 | 57 | 1,7 | 2280 |
| *3* | Горобинци | 3 | 73 | 2,2 | 2920 |
| *4* | Долно Ѓуѓанци | 2 | 46 | 1,4 | 1840 |
| *5* | Долно Црнилиште | 2 | 40 | 1,2 | 1600 |
| *6* | Горно Црнилиште | 1 | 38 | 0,8 | 1520 |
| *7* | Ерџелија | 4 | 98 | 3,7 | 3920 |
| *8* | Крушица | 1 | 20 | 0,6 | 800 |
| *9* | Малино | 1 | 20 | 0,6 | 800 |
| *10* | Немањици | 1 | 33 | 1 | 1320 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *11* | Преод | 1 | 20 | 0,6 | 800 |
| *12* | Павлешенци | 1 | 43 | 1,3 | 1720 |
| *13* | Мустафино | 2 | 60 | 2,5 | 2400 |
| *14* | Пеширово | 1 | 30 | 0,9 | 1200 |
| *15* | Сопот | 1 | 33 | 1 | 1320 |
| *16* | Стањевци | 1 | 32 | 0,95 | 1280 |
| *17* | Кадрифаково | 1 | 23 | 0,7 | 920 |
| *18* | Кнежје | 1 | 19 | 0,7 | 760 |
| *19* | Трстеник | 1 | 20 | 0,6 | 800 |
| | **ВКУПНО** | **64** | **2316** | **82,9** | **89 320** |

Општина Свети Николе ,во просек, годишно троши **340 MWh** електрична енергија за јавно осветлување

| **2024** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **W** | ***LED*** | ***Hg*** | ***инст.моќ W*** | |
| 18 | **293** | | 5274 | |
| 20 | **70** | | 1400 | |
| 30 | **1265** | | 37950 | |
| 40 | **379** | | 15160 | |
| 50 | **150** | | 7500 | |
| 70 | **61** | | 4270 | |
| 100 | **76** | | 7600 | |
| 200 | **6** | | 1200 | |
| 160 | | **16** | 2560 | |
| 3 | | | 0 | |
| 15 | **0** | | 0 | |
| **вкупно** | **2300** | **16** | **82914** | |
| | **2316** | | | |

- Број и моќност на сијалици

Во табелите подолу се прикажани извршените работи, број на интервенции и заменети материјали како и парични средства за секоја од нив за 2024 година

**2024** **Заменети материјали и број на интервенции**

| МАТЕРИЈАЛИ | ЈАН | ФЕБ | МАРТ | АПР | МАЈ | ЈУН | ЈУЛ | АВГ | СЕП | ОКТ | НОЕМ | ДЕК | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ИНТЕРВЕНЦИИ** | **74** | **34** | **46** | **44** | **57** | **34** | **47** | **47** | **46** | **49** | **56** | **88** | **622** |
| **сијалица 18W** | | 15 | 16 | 3 | 10 | 10 | 25 | 7 | | | | | **86** |
| **сијалица 20W** | 19 | 8 | 2 | 2 | 15 | 1 | | 5 | 19 | 35 | 28 | 32 | **166** |
| **сијалица 30W** | 7 | 15 | 19 | 28 | 12 | 8 | 8 | 12 | 13 | 6 | 10 | 44 | **182** |
| **сијалица 40W** | | | | | | | | | | | | | **0** |
| **лед 30W** | 9 | | 1 | | 1 | 3 | 6 | 2 | 6 | 3 | 2 | 11 | **44** |
| **лед 50W** | | | | | | | | | | | | | **0** |
| **лед 100W** | 19 | | | 1 | 2 | | | | | | | | **22** |
| **рефлектор 100W** | | | | | | | 1 | | | | | | |
| фасонка | 3 | 5 | 2 | 3 | | | 3 | 2 | 2 | | 1 | 10 | **31** |
| заштитно стакло | 3 | 5 | 1 | 3 | 1 | | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 5 | **29** |
| СКС кабел 2x16 (м) | 135 | | | 18 | 50 | | 100 | 470 | 75 | | 22 | 125 | **995** |
| краен затегач | 11 | 3 | | 8 | 6 | 4 | 10 | 27 | 14 | 5 | 2 | 11 | **101** |
| спојници | 18 | 2 | 6 | 9 | 12 | 2 | 16 | 24 | 5 | 3 | 6 | 16 | **119** |
| авт. Осигурач 10 | | | | | | 4 | | 3 | | | 1 | | |
| ножест осигурач 35 | 4 | | 5 | | 2 | 2 | 1 | 6 | 1 | | 2 | 4 | **27** |
| конзола | 7 | | | | | | | | | | | | **7** |
| форел | 1 | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 7 | 2 | 3 | 2 | **23** |
| кабел 3x2.5 (м) | | | | | | 20 | 10 | | 10 | | | 3 | |
| кабел 3x1.5 (м) | 22 | 4 | 10 | 12 | 10 | 18 | 4 | 17 | 42 | | 23 | 35 | **197** |
| тајмер | 1 | | 1 | 2 | | | | | | | | | **4** |
| утикач | 1 | | 1 | | | | | | | | | 1 | **3** |
| дозна | 1 | | | | | | | | | | | | **1** |
| ребрасто црево | 15 | | 10 | 8 | 8 | | 3 | 16 | 24 | | 21 | 10 | **115** |

мкд со ДДВ

# Парични средства за употребени материјали и интервенции

| МАТЕРИЈАЛИ | ЦЕНА | ЈАН | ФЕБ | МАРТ | АПР | МАЈ | ЈУН | ЈУЛ | АВГ | СЕП | ОКТ | НОЕМ | ДЕК | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИНТЕРВЕНЦИИ | 1416 | 104784 | 48144 | 65136 | 62304 | 80712 | 48144 | 66552 | 66552 | 65136 | 69384 | 79296 | 124608 | 880752 |
| **сијалица 18W** | 271,4 | 0 | 4071 | 4342,4 | 814,2 | 2714 | 2714 | 6785 | 1899,8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23340,4 |
| **сијалица 20W** | 271,4 | 5156,6 | 2171,2 | 542,8 | 542,8 | 4071 | 271,4 | 0 | 1357 | 5156,6 | 9499 | 7599,2 | 8684,8 | 45052,4 |
| **сијалица 30W** | 472 | 3304 | 7080 | 8968 | 13216 | 5664 | 3776 | 3776 | 5664 | 6136 | 2832 | 4720 | 20768 | 85904 |
| **сијалица 40W** | 398,132 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **лед 30W** | 2832 | 25488 | 0 | 2832 | 0 | 2832 | 8496 | 16992 | 5664 | 16992 | 8496 | 5664 | 31152 | 124608 |
| **лед 50W** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **лед 100W** | 5074 | 96406 | 0 | 0 | 5074 | 10148 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 111628 |
| **рефлектор 100W** | 2714 | | | | | | | 2714 | 0 | | | | | |
| фасонка | 94,4 | 283,2 | 472 | 188,8 | 283,2 | 0 | 0 | 283,2 | 188,8 | 188,8 | 0 | 94,4 | 944 | 2926,4 |
| заштитно стакло | 477,9 | 1433,7 | 2389,5 | 477,9 | 1433,7 | 477,9 | 0 | 1433,7 | 955,8 | 955,8 | 955,8 | 955,8 | 2389,5 | 13859,1 |
| СКС кабел 2x16 | 70,8 | 9558 | 0 | 0 | 1274,4 | 3540 | 0 | 7080 | 33276 | 5310 | 0 | 1557,6 | 8850 | 70446 |
| краен затегач | 106,2 | 1168,2 | 318,6 | 0 | 849,6 | 637,2 | 424,8 | 1062 | 2867,4 | 1486,8 | 531 | 212,4 | 1168,2 | 10726,2 |
| спојници | 413 | 7434 | 826 | 2478 | 3717 | 4956 | 826 | 6608 | 9912 | 2065 | 1239 | 2478 | 6608 | 49147 |
| авт. Осигурач 10 | 247,8 | | | | | | 991,2 | 0 | 743,4 | 0 | 0 | 247,8 | 0 | |
| ножест осигурач 35 | 306,8 | 1227,2 | 0 | 1534 | 0 | 613,6 | 613,6 | 306,8 | 1840,8 | 306,8 | 0 | 613,6 | 1227,2 | 8283,6 |
| конзола | 2360 | 16520 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16520 |
| форел | 500,001 | 500,0014 | 0 | 500,0014 | 500,0014 | 500,0014 | 500,0014 | 500,0014 | 1500,004 | 3500,01 | 1000,003 | 1500,004 | 1000,003 | 11500,03 |
| кабел 3x2.5 | 110,92 | | | | | | 2218,4 | 1109,2 | 0 | 1109,2 | 0 | 0 | 332,76 | |
| кабел 3x1.5 | 77,88 | 1713,36 | 311,52 | 778,8 | 934,56 | 778,8 | 1401,84 | 311,52 | 1323,96 | 3270,96 | 0 | 1791,24 | 2725,8 | 15342,36 |
| тајмер | 399,996 | 399,9964 | 0 | 399,9964 | 799,9928 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1599,986 |
| ребрасто црево | 53,1 | 796,5 | 0 | 531 | 424,8 | 424,8 | 0 | 159,3 | 849,6 | 1274,4 | 0 | 1115,1 | 531 | 6106,5 |
| гориво | 1 | 3999,999 | 2360 | 9499 | 9500 | 6999,76 | 5999,12 | 5999,12 | 9999,32 | 6399,14 | 5999,12 | 7999,22 | 7999,22 | 82753,02 |
| **ВКУПНО** | | **280172,8** | **68143,82** | **98208,7** | **101668,3** | **125069,1** | **76376,36** | **121671,8** | **144593,9** | **119287,5** | **99935,92** | **115844,4** | **218988,5** | **1560495** |

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

За успешно спроведување и реализација на програмски предвидените задачи и активности, финансиски средства ќе се обезбедат од средствата што на Општина Свети Николе  и припаѓаат согласно  Законот за комунални такси, како и од средства добиени од светлечки реклами приклучени на мрежата за јавно осветлување.
Наплатата на таксата за користење и одржување на  јавно осветлување од имателите на броило, според законот за комуналните такси, член 20, ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија, ЕВН Македонија „ КЕЦ"' Штип, и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината, на чие подрачје е извршена наплатата.

**Бр.   0801-987**
**29.01.2025  год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска   с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот на локална самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе ( " Службен Гласник на на Општина Свети Николе бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе донесе:

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на Општина Свети Николе за 2025 година бр. 0801/988, што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата оддржана на ден 29.01.2025 година.

| | |
|---|---|
| **Бр. 0901-996/5** | **Општина Свети Николе** |
| **29.01.2025 год.** | **Градоначалник,** |
| **Свети Николе** | **Дејан Владев с.р.** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 5 и член 20-б од Закон за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен весник на РСМ бр.143/19,14/20 и 208/24), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 29.01. 2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Свети Николе за 2025год.**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Свети Николе за 2025 год. на седницата одржана на ден 29.01.2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на Општина Свети Николе.

| | |
|---|---|
| **Бр. 0801-987** | **Совет на Општина Свети Николе** |
| **29.01.2025 год.** | **Претседател,** |
| **Свети Николе** | **Валерија Ивановска с.р.** |

**Прилог .1**

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.: | |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | Општина Свети Николе |
| ЗА ГОДИНА: | 2025 |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 5996830 |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4025005108702 |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | 24.01.2025 година |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Даница Арсова | ____________________24.01.2025 година |
| Одобрил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Зоран Стојчев | ____________________24.01.2025 година |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:**<br>(го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | Дејан Владев | ______________________<br>____________________<br>24.01.2025 година _______2025<br>година |

## ДЕЛ 1. ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА

***Табела 1.*** *Моментална состојба со број на вработени лица во институцијата*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги ( носители на дејност) | Помошно технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на вработени во институцијата<br>(на датумот на пополнување на годишниот план) | 64 | 46 | 11 | 0 | 7 |

## ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 1.*** *Планирано пополнување на работни места преку (пре)распоредување на вработените во институцијата на исто ниво(хоризонтална мобилност)*

<table>
<tr><td colspan="4">Дали планирате пополнување на празни/непополнети работни места преку распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година?<br>*(заокружете)*</td><td>ДА</td><td>НЕъ</td></tr>
<tr><td colspan="5">Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на непополнети работни места кои планирате да ги пополните преку распоредување во рамките на институцијата: *(наведете број)*</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="6">Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку (пре)распоредување:</td></tr>
<tr><td>р. бр</td><td>работно место (шифра и назив)</td><td>Организациона единица (Сектор/Служба)</td><td colspan="3">кратко образложение на причините</td></tr>
<tr><td>1</td><td></td><td></td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>2</td><td></td><td></td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>3</td><td></td><td></td><td colspan="3"></td></tr>
</table>

***Табела2.** *Планирано пополнување на работни места преку унапредување во следната година**

| | | |
|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | 2 |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас: | | |

| р. бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините |
|---|---|---|---|
| 1 | УПР 01 01 В01 000 Советник за едношалтерски систем | Одделение за нормативно-правни работи, Сектор за нормативно-правни работи, администрирање со даноци и комунални такси, локален економски развој и јавни дејности | Активно, ефективно и ефикасно спроведување на прописите за едношалерскиот систем и остварување на правата на граѓаните на еден шалтер |
